Музеј на современата уметност Скопје



**ГРАФИЧКИ ТЕХНИКИ**

од колекцијата на Музејот на современата уметност – Скопје

**1988**

ГРАФИКА - од грчкиот збор графеин - пишување, врежување, заедничко име за сите технички постапки на умножување на цртежот, односно сликата, со помош на матрица, изработена рачно, по хемиски или фотомеханички пат. Означува и типографска вештина т.е. работа на умножување на писма и ликовни прилози во печатарството, потоа, уметничка графика, т.е., вештина за репродуцирање на цртежи на хартија или некој друг материјал.

Графиката го има своето потекло во цртањето, па како и цртањето ја има таа особина да ги поврзува сите гранки на ликовната уметност. Како и кај цртањето графиката е главно средство за изразување на цртата или потезот, линијата или резот. Тоа е вештина со помош на оштар предмет, да се обликуваат на некоја плоха црти кои прикажуваат вистински предмети или предмети кои настанале во нашата фантазија.

Кај цртежот се употребува молив, перо или креда, а како подлога служи хартијата, кај графиката се употребуваат специјални графички алати - матални шилци и други оштри предмети, а подлогата е дрвена, метална или камена плоча. Таа подлога се вика матрица и врши главна функција во графичкиот процез, бидејки со неа се изведува отиснувањето на графичките листови.

Според тоа, дали цртежот на матрицата, односно плочата од дрво, метал, камен линолеум - е изработен рељефно, вдлабено или плошно, се разликуваат 3 главни графички постапки: висок, длабок и плошен отисок. Кај високиот отисок цртежот е рељефен на плочата, а на хартијата после отиснувањето незнатно вдлабен (дрворез,линорез). Кај длабокиот отисок цртежот на плочата е вдлабен, а на хартијата после отиснувањето незнатно рељефен (бакрорез, бакропис, мезотинта, акватинта, сува игла и др.).

Кај плошниот отисок цртежот е плошен (равен) на плочата и на хартијата после отиснувањето (литографија).

Овие разлики можат да се забележат со гледање и со допир на хартијата со врвот на прстите.

Бидејки ликовниот израз во графиката се засновува на експресивноста на линијата и контрастите на црното и белото, ова име во поширока смисла на зборот, опфаќа и секој оригинален цртеж на хартија. Но, додека кај цртежот или сликата може да постои само еден оригинал, секоја графички отисок од оригиналната матрица се смета оригинал, па заради

тоа, во поново време, уметниците редовно го потпишуваат заедно со ознаката на редниот број на тиражот.

Во праисконската желба за украсување, начинот на гравирање е еден од најстарите. Врежувањето на црти со остар предмет во мека стена во предисториските пештери би можело да се смета како почеток на гравирањето и на графиката во нејзината наједноставна форма. По некој рез во коска, со кој е оставен цртеж на срна или некое друго животно е и примитивен почеток на графичката контура, која неколку десетини илјади години подоцна, на истиот принцип, но со многу посовршени технички средства, ќе се оствари во графичките дела на Рембрант, Гоја, Дирер и др. Прво графичко делување забележано е во Кина, а потоа, почетоци на графиката наоѓаме во Египет, Вавилон и Асирија. Негативите се изработени во камен или дрво во форма на валјак или плоча. Во старохристијанско време во Александрија бил развиен отисок на бојадисано платно, техника, многу слична на дрворезот. Во крајот на средниот век буквите и цртите работени дотогаш од минијаторите и рубикаторите биле заменети со печатарска техника. 1440 година Гутенберг го пронашол слагањето и печатењето на книги со помош на сложени и подвижни букви, што претставува пресвртница во развитокот на графиката.

Рељефната и вдлабената графика како репродуктивна постапка се јавуваат во Европа во крајот на XIV и почетокот на XV век после употребата на хартијата. Неа ја откриле и усовршиле златарите (бакрорез) и изработувачите на оружја (бакропис во XIV и XV в.). Ренесансата не е само период на сликарството, туку и на графиката. Графичкиот лист се одделува од книгата. Поедини уметници, како браќата Полајуоло и Мантења во Италија, а Дирер во Германија, се однесуваат спрема графичкиот лист како спрема слика: ги изработуваат за излагање во рамка, како што обично се излагаат маслата, акварелите.

Бакрописот, уметноста на светлото и сенката го даде најголемиот графичар во европската уметност - Рембрант. Во овој период графиката се издигна до сложеноста на сликарството.

Во XIX и XX век, заради желбата за умножување графиката прејдува од рацете на графичарите во рацете на занаетчиите и машините. Во овој период доаѓа и до поделба на графиката на оригинална графика, која и понатаму ја работат уметниците - графичари и репродуктивна графика, која се умножува во фотохемиски пат, како што се илустрации за весници, дипломи, поштенски марки и друго.

Графички техники

Висок отисок

ДРВОРЕЗ е еден од најстарите видови на висок отисок. Како подлога за изработка на дрворезот, служи сосема рамна и глатка дрвена плоча (најпогодно е дрво од круша), кое се изрежува по издолжен пресек (како што расте дрвото) со дебелина на плочата околу 22 мм. Плочата се премачкува со разредена бела темпера боја и кога површината на плочата се исуши може директно или со помош на провидна хартија да се пренесе контурата на цртежот кој сакаме да го изрежеме во дрвото. Откако цртежот е така пренесен на дрвената плоча со темна боја или туш се исцртува потполната слика на дрворезот. За изработување на дрворезот како алати се употребуваат т.нр."јапонски нож" и длета, кои треба да бидат добро наострени. Сите места на плочата кои се извлечени со црна боја или туш, т.е., оние, кои ни ја даваат сликата на дрворезот, остануваат неизрежани, додека сите бели места со длабање се отстрануваат. Кога ќе се отстранат сите бели делови од површината и останат само оние кои ја прикажуваат сликата, изрежувањето е завршено. После тоа дрворезот се отиснува со машина за висок отисок на хартија од добар квалитет.

ЛИНОРЕЗ на место на дрвена плоча, линорезот се изведува на парче линолеум, кој е мек и погоден без голем напор лесно да се изрежува. Изрежаните црти во линолеумот имаат подруг карактер од оние на дрвото, што може веднаш да се забележи. Бидејќи линолеумот како материјал е мек, лесно и брзо може да се изрежува. Меѓутоа, на линолеумот не може да се постигне типичниот карактер на изрежувањето во дрво. Цртите врежани во линолеум се пообли и помеки, а оние кај дрвото аглести, позабени и остри. Подготовките и изрежувањето се вршат на ист начин како и кај дрворезот, со исти алати, само што на линолеумот темпера боја потешко се нанесува.

Длабок отисок

БАКРОПИС се изведува на метална плоча - матрица преку нагризување со киселина. Цртежот во плочата е вдлабен, а неговиот отисок на хартијата станува рељефен. Бакрописот се изработува на потполно рамна, полирана и очистена плоча од кован бакар, дебел 1 мм до 1 см. Со печатарска техника се прави отисок на цртежот, Цртежот прво се изведува со челична игла преку слој од восок а потоа се изложува на дејство од киселина, која ги нагризува цртите. Кога плочата е дефинитивно обработена, добро се измива, восокот се очиствува, добро се осушува, по малку се загрева и со тврд тампон се премачкува со печатарска боја така да бојата влезе во сите вдлабнатини. Одвишокот од бојата се одстранува со фланел и со дланката. После тоа на плочата се става овлажена и еластична хартија од подобар квалитет, а преку неа ткаенина. Плочата покриена со хартија и ткаенина се поставува со лицето спрема горе на друга метална или дрвена поголема плоча пресвлечена со лим (за да се заштити хартијата од влага) и после тоа сите тие слоеви преминуваат низ преса за отиснување. После отиснувањето листовите на хартијата се сушат меѓу 2 листа на попивателна хартија а зедно со неа се стават меѓу два картона и под преса за да се спречи собирањето на листовите.

Во поново време уметниците редовно ги потпишуваат своите бакрописи со молив на долниот десен агол, а на левиот долен агол се означува редниот број на отисокот и тиражот (вкупниот број на отиснати примероци). Секој отисок се смета оригинален (најголема вредност има првиот), заради што уметниците даваат помал број отисоци (до 40).

Кај бакрописот линијата е жива, вибрантна и нерамномерна, со тап завршеток.

БАКРОРЕЗ цртежот се врежува директно со игла во металната плоча, се премачкува со боја и отиснува на хартија по истата постапка како и кај бакрописот.

Кај бакрорезот линијата на цртежот е глатка и метално тврда со оштар завршеток.

СУВА ИГЛА овaa техника е сосема едноставна. Потполно чиста бакарна плоча се премачкува со парафинско уље или уље од коски.

Потоа, спротивно, со помош на црна, масна индиго хартија се пренесува цртежот, Со многу тенка игла, полека повторно се исцртуваат главните контури. За подебелите црти потребни се цврсти и јаки игли. Најдобри се игли од дијамант, ахат и сл. Во текот на самата работа, постепено на плочата се нанесува специјално приготвена црна паста. Техниката на сува игла се употребува за изработка на графики од помал или сосем мал формат.

МЕЗОТИНТА, плоча од полу-тврд бакар треба добро да се исчисти од маснотии и оксиди, а потоа добро да се изглади од сите бразди и драскотини. Плочата се изравнува со стаклена хартија за да површината добие мирен, појак или послаб тон. За оваа техника потребен е специјален алат. На местата кои треба да бидат потемни (поцрни) се преминува со алатот повеќе пати во разни насоки, додека сосема светлите места остануваат негибнати. Потоа површината на плочата се премачкува со смеша на саѓи со малку парафинско уље и восок од пчели. Одликата на оваа техника се состои во тоа, што бојата со која покасно се печати не лежи во длабината на цртите (кои и ги нема), туку на самата површина на плочата разделена на плохи.

Со печатење плочата брзо се истрошува и заради тоа може да се добие само ограничен број на исправни и добри отисоци.

АКВАТИНТА од зборот аква-вода и тинта-обоена. Графичка техника на длабок отисок, слична на техниката на мезотинта. На плочата се нанесуваат зрна на раздробен колофониум, 5-8 минути се остава да дејствува, потоа внимателно се пренесува до огин да се загрее, за зрната на сите места подеднакво да се растопат и зацврстат на нејзината површина. После тоа плочата се препушта на дејство на слаба јагленородна киселина.

ЛИТОГРАФИЈА е една од најмладите графички техники (XVIII в.). Називот произлегува од грчкиот збор литхос што значи камен, кој е и главен носител на оваа техника. Камената плоча треба да биде потполно равна, 10-15 см., дебела, добро очистена од секаква маснотија и добро

измиена. На провидна хартија со танко перо се исцртуваат главните контури на цртежот, а потоа преку графитна хартија или сува, црвена, немасна креда се пренесуват на камената плоча со челична игла, тврдо дрво или тврд молив, после кое следува самото цртање со литографска креда или туш. Одкако потполно се исцрта литографската слика каменот со помош на мека памучна крпа се напрашува со талк. Се прска со раствор од гуми-арабика во вода со додаток на јагленородна киселина во однос 1:10. На исцртаните места каменот го одбива дејствувањето на киселината и гумиарабиката. Сета останата површина на каменот (неисцртаните места) подлегнуваат на дејството од киселината. Пред да се помине кон самото печатење камената плоча се измива со чиста вода и брише со мека крпа, па потоа се нанесува литографска боја, која ја примаат само оние места кои се цртани со масен материјал.

Литографијата може да биде изработена и во повеќе бои, при што се потребни повеќе камени плочи.

---

издавач: Музеј на современата уметност
организација на изложбата: Мирослав Поповиќ
тираж: 150

---

насловна страна: Андре Масон, Сон на една лудна пустина, 1942
бакропис, 48 X 63